Почитувани,

Во текот на 2025 година до Управата за водостопанство доставени се прашања од страна на Граѓанска иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД, Скопје бидејќи добиле пријава од граѓани за градежни активности кои се изведуваат на реката Треска, во непосредна близина на кајакарскиот мост, за кои кај нив „постоел основан сомнеж дека е мини хидроцентрала (МХЕЦ)“.

Од наша страна е одговорено дека:

Во текстот од доставеното барање може да се препознае Системот за наводнување во општина Сарај, а инвеститор на работите за реконструкцијата на овој систем е Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство (МЗШВ). Поради долгогодишно неодржување, односно негова запоставеност, системот не е во функција па врз основа на барање од месното население преку општина Сарај, МЗШВ во 2022 година распиша Јавен оглас за изработка на Основен проект за рехабилитација на постојниот систем.

Проектот носи назив „Реконстуркција на постојниот хидросистем Шишево-Грчец“ кој зафаќа вода од десниот брег на р. Треска преку зафат кој се наоѓа низводно од браната Матка. Цел на проектот е зголемување на производството на зеленчукови култури, овоштарници и др., кои во однос на наводнувањето имаат агрономска и економска изводливост и оправданост, како и зголемување на приходите  и животниот стандард на населениоето во проектната област.

**Прашање:** Дали е извршена пренамена на земјиштето на парцелите каде што се наоѓаат објектот и пристапниот пат?

**Одговор:** Барањата за податоци, информации и мислења за пренамена од земјоделско во градежно земјиште до МЗШВ се доставуваат во електронска форма, преку електронскиот систем е-урбанизам и во Секторот за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште при МЗШВ се водат по број на посапка во е-урбанизам. Креатор на е-урбанизам е Минситерството за транспорт.

**Прашање:** Информација за тоа кој е инвеститорот на проектот и кој е изведувачот на градежните работи?

**Одговор:** Инвеститор на овој Проект е Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство. Изведувач на работите е АК Инвест ДООЕЛ Тетово.

**Прашање:** Дали Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство било вклучено во постапката за изработка на урбанистичка документација за конкретната локација со издавање податоци, информации и мислења?

**Одговор:** МЗШВ, како инвеститор ги има прибавено потребните документи за таа намена: Водостопанска дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) со дел. бр УП1 РА1-11/5-2188/2023 од 12.12.2023 година, Решение за одобрување на Елаборатот за животна средина од МЖСПП бр УП1-11/4-1978/2022 од 12.09.2023 година, Решение од Општина Сарај за Одобение за градење бр. УП 1 бр.2104451/7 од 12.06.2024 година, а извршен е инспекциски надзор од страна на Државниот инспеторатот за животна средина за што се сочинети записници со дел. бр. 15-01 од 28.01.2025 и 31-563 од 15.07.2025 година.